Врз основа на член 142 став 5 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.104/19), член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), член 11 став 1 точка11 од Статутот на општина Конче, а во врска со Програмата за активностите на општина Конче во областа на Социјалната заштита и заштитата на децата во 2023 година бр. 08-1770/10 од 13.12.2022 година и бр. 08-500/17 од 27.03.2023 година,

Советот на Општина Конче на седницата одржана на 19.06.2023 година, ја донесе следната:

**Програма**
**за измена и дополнување на Програмата за активностите на општина Конче во областа на Социјалната заштита и заштитата на децата во 2023 година**

Член 1

Во Програмата за активностите на општина Конче во областа на Социјалната заштита и заштитата на децата во 2023 година бр. 08-1770/10 од 13.12.2022 и бр. 08-500/17 од 27.03.2023 година, се вршат измени во :

**Е.Програма за подршка на стари и изнемоштени лица воведена во 2019 г и континуирано подржана од општина Конче, МТСП и странски донатори:**

Зборовите „9 лица“ се заменуваат со зборовите„10 лица“ и зборовите „ вкупно 330 стари лица“ се заменуваат со зборовите „ вкупно 350 стари лица“.

## 4.ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

**Во ставот 3 се вршат следните измени:**

Вкупно обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општина Конче броевите „ 2.266.000“ се заменуваат со броевите „ 2.961.250 “ .

### 4.1 ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ СО ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| Р.б | Активност | Полова структура на корисници | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Помош за стари и изнемоштени лица- посета од негователи за стари лица-кофинансирање на проект -371.250 денари и набавка на медицински и друг материјал-100.000 денари | жени-мажи | 471.250 |
| 2. | Помош на социјално загрозените семејства и лица изложени на социјален ризик (од 5000-20.000 денари) | женски/машки | 100.000 |
| 3. | Лица со посебни потреби (телесна попреченост Деца со посебни потреби ) (5000 денари за лице) | женски/машки | 50.000 |
| 4. | Помош на лица погодени од елементарни | женски/машки | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | непогоди(од 5000-30.000 денари) | | 100.000 |
| 5. | Помош на деца од еднородителски семејства (3000 денари за едно семејство) | женски/машки | 20.000 |
| 6. | Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население | женски/машки | 20.000 |
| 7. | Организирање на трибини за едукација против зависности | женски/машки | 10.000 |
| 8. | Еднократна помош за секое новородено дете – Прво дете – 10.000 денари. Второ дете -20.000 денари. Трето дете- 30.000 денари и секое наредно родено дете | Женски/машки | 300.000 |
| 9. | Вршење превоз на храна за народна кујна | женски/машки | 150.000 |
| 10. | Помош на лица со здравствени проблеми (од 5000-30.000 денари) | женски/машки | 650.000 |
| 11. | Подршка на Клубови за стари лица | женски/машки | 20.000 |
| 12 | Финансиска поддршка на НВО за реализација на проекти за социјално загрозени семејства и поединци | Женски/машки организации здруженија | 60.000 |
| 13 | Социјални пакети за празници ( 2000 денари за еден пакет) | женски/машки | 60.000 |
| 14 | Топол оброк за кориснци од општина Конче по одлуки од Совет | Женски/машки | 300.000 |
| 15 | Еднократна помош за склучување на бракови на лица со наполнети 35 или повеќе години возраст до 100.000 денари | Женски /машки | 400.000 |
| 17 | Помош за погребални трошоци поради смрт на социјално загрозени лица (од 5000-30.000 денари) | Женски /машки | 250.000 |
| | **ВКУПНО** | | 2.961.250 денари |

Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Конче“.

Број 08-1000/3
Дата 19.06.2023
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова,